Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 08-447/6
12.12. 2024 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), член 157, став 3 од Законот за основното образование („Сл. Весник на РСМ“ бр.161/19 и 229/20) и член 17 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Советот на Општина Градско на седницата одржана на 12.12.2024 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за активностите на општина Градско во областа на образованието за 2025 година

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на општина Градско во областа на образованието во 2025 година се:

- Обезбедување активен однос на Советот на општина Градско кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието;
- Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес;
- Планирање на развојот на образованието;
- Подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес во рамки на законските можности.

## II. АКТИВНОСТИ

Активностите на општина Градско во областа на образованието во 2024 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма.

Општина Градско во насока на остварување на горе наведените цели за тековната 2025 година планира да ги реализира следните активности:

| Активности на општина Градско за 2025 година | | | |
|---|---|---|---|
| Р.бр. | Активности | Носител на активноста | Буџет |
| 1 | Обезбедување на стипендии за најдобар основец, средношколец и студент на кои ќе им биде исплатен месечен износ во времетраење од 9 (девет) месеци | Општина Градско | 90.000,00 денари |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | Бесплатен оброк за учениците од прво до петто одделение во основното училиште | Општина Градско | 1.600.000,00 денари |
| 3 | Обезбедување на училишен прибор за првачињата во ООУ„Даме Груев“ Градско | ООУ „Даме Груев“ Градско Општина Градско | 50.000,00 денари |
| **ВКУПНО:** | | | **1.740.000,00 денари** |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на образованието утврдени со оваа Програма ќе се финансисраат со средства од Буџетот на општина Градско за 2025 година.

Советот на општина Градско ќе ги поддржи институциите и здриженијата на граѓани кои ќе реализираат проекти од областа на образованието, финансирани од други инвеститори- заинтересирани партнери, фондации, бизнис сектор и сл.

## IV. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помага образованиетосе:

- Обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината;
- Вклучување на општината во проекти на Министерството за образование и наука, странски и домашни донатори.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Градско“, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

Совет на Општина Градско
Претседател
____________________
Мирјана Ѓорѓиева